

# Упатство за Mojот А1

**2019**

# Најава на веб-верзијата на Мојот А1

- Од www.a1.mk изберете го "Мојот А1"






# Опции за најава на веб-верзијата на Мојот А1




1. Кликнете на “Регистрирајте се”, доколку сакате да креирате Корисничко име.
2. Кликнете на “Заборавена лозинка?” доколку претходно сте креирале Корисничко име, но не ја помните Вашата лозинка.
3. Внесете податоци во “Најава со корисничко име” доколку веќе имате креирано Корисничко име и Лозинка.
4. Внесете го Вашиот број на телефон во формат 07Xxxxxxx, доколку сакате да се најавите преку Вашиот мобилен телефонски број од А1, без да креирате корисничко име. Со овој тип на најава ќе имате ограничен пристап до опциите кои ги нуди Мојот А1.

# Регистрација на нов корисник 1/4




- Внесете го Вашиот мобилен телефонски број од А1 во формат **3897Xxxxxxx** и кликнете "Следно". Доколку бројот е валиден, SMS порака ќе биде пратена на истиот телефонски број со четирицифрен код, со ограничено времетраење на важност.

# Регистрација на нов корисник 2/4




- Внесете го безбедносниот кодот што го добивте преку SMS порака за да се направи верификација и да продолжите кон креирање на Корисничко име.
- По внесување на Вашиот код кликнете "Потврди".

# Регистрација на нов корисник 3а/4




- Доколку за мобилниот телефонски број веќе е креиран профил, ќе се појави порака за да изберете преку кој Кориснички профил сакате да се најавите и откако ќе изберете од листата, нова Лозинка за најава ќе биде испратена на мобилниот телефонски број преку кој се најавувате.

# Регистрација на нов корисник 3б/4




- Договорот потпишан при активација на услугата;
- Лозинката може да ја најдете во Прилог 1 од Вашиот претплатнички договор. Доколку не ја знаете лозинката, Ве молиме јавете се во Контакт центарот на 0771234.

- Доколку немате креирано Корисничко име, а имате повеќе линии на Вашиот претплатнички договор, ќе се појави опција за внесување на лозинка од договорот за да добиете Master привилегии кои ќе Ви овозможат преглед на сите услуги под Вашиот кориснички договор.
- Овој чекор не е задолжителен и може да го прескокнете а привилегиите да ги додадете подоцна од менито “Мојот профил” од Мојот А1.

# Регистрација на нов корисник 4/4




- Внесете ги Вашите детали во полињата и прочитајте ги условите за користење на Мојот А1.
- Доколку внесете валидни податоци и се согласите со условите на користење тогаш преку кликање на “Зачувај” креирате свое Корисничко име со коешто ќе може понатаму да се најавувате на веб-верзијата, но и на мобилната верзија на Мојот А1.

# Најава со корисничко име и лозинка на веб-верзијата




- Внесете ги Вашето Корисничко име и лозинката и кликнете "Најави се".
- Најавата Ве води до страната претставена на сликата, која овозможува пристап до различни секции и увид во различни информации и опции за Вашите услуги, во зависност од типот на корисник и привилегиите на Вашиот профил.

# Зголемување на привилегии откако сте веќе најавени со корисничко име на веб-верзијата на Мојот А1




- Договорот потпишан при активација на услугата;
- Лозинката може да ја најдете во Прилог 1 од Вашиот претплатнички договор. Доколку не ја знаете лозинката, Ве молиме јавете се во Контакт центарот на 0771234.

- Преку “Мојот профил” може да доделите напредни привилегии за Вашиот профил преку внесување на Лозинката од Вашиот претплатнички договор и тоа:
- Од Residential Advanced на Residential Master - и ќе добиете пристап до информации за сите услуги од Вашиот кориснички договор;
- Од Business Basic на Business Advanced - за да ги гледате сите опции за Вашата услуга/линија.